# З А П И С Н И К
# од 415-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 07.09.2022, среда во 09:50 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Павлина Црвенковска**, претседател
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Ханиф Зендели**, член
- **Мери Радевска**, член
- **Мирсад Суроји**, член
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член
- **м-р Миљазим Мустафа**, член
- **Весна Дамева**, член

Отсутни членови:

- **Лорета Горгиева**, член
- **Сашко Георгиев**, член
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд
- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **Љубиша Арсиќ**, државен советник
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Ален Раденковиќ**, помлад соработник

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- Претставник од **Институт за човекови права**
- Претставник од **Коалиција сите за правично судење**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Павлина Црвенковска.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 415-та седница, со предлог истиот да се измени на следниот начин: По 4-та точка се додава нова точка 5 - Донесување на одлука за престанок на судиската функција. Останатите точки по новододадената го менуваат својот редослед за еден реден број на нанапред.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по предлог измените на Дневниот ред.

Откако констатира дека никој не се јави за збор Претседателот на Советот Павлина Црвенковска Дневниот ред со предлог измените го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на:
   - Записник од 399-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 05.04.2022 година и
   - Записник од 400-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 07.04.2022 година;
2. Разгледување и усвојување на Предлог - Програма со акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025;
3. Формирање на Комисија за рангирање на кандидати за избор на претседатели на судови;
4. Донесување на одлука за престанок на функција судија поротник;
5. Донесување на одлука за престанок на судиската функција;
6. Расправа по Извештај за констатирана состојба на Комисија на известители по поднесено барање за поведување на постапка за одговорност на судија/претседател на суд и
7. Разно.

## Точка 1

(Усвојување на: Записник од 399-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 05.04.2022 година и Записник од 400-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 07.04.2022 година)

#По повод 1-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по Записник од 399-та седница на Судскиот совет на РСМ од 05.04.2022 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

#По повод следната потточка од дневниот ред Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по Записник од 400-та седница на Судскиот совет на РСМ од 07.04.2022 година.

Откако констатира дека никој не се јави за збор записникот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ записникот е усвоен без измени и дополнувања.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 2-та точка од Дневниот ред.

## Точка 2

(Разгледување и усвојување на Предлог - Програма со акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025)

По повод 2-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Мери Радевска во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Мери Радевска** и информираше дека за изготвување на Програмата со Акционен план идејата потекна по донесување на Националната програма 2021 година и треба Судскиот совет и судството активно да се вклучи во борбата против корупцијата, посебно имајќи во вид дека граѓаните се повеќе ја губат довербата и последните резултати

околу испитување на мислењето на граѓаните е поразително. Укажа дека идејата доведе до тоа да се формира Комисија откако е донесен заклучок да се изготви Акционен план и кога Комисијата заедно со стручната служба и со Работната група од проектот Матра, а посебно со залагање на координаторот од проектот, членот на Советот Миљазим Мустафа дојдено е до тоа да се изготви Нацрт-Програма која е разгледана на колегиум, а потоа и Предлог-Програма.

Посочи дека откако е констатирана состојбата идејата е да се утврдат целите кои ќе бидат приоритет во спроведување на Програмата и зголемување на нивото на одговорност, демностирирање на волја за борба против корупција, јакнење на интегритетот и отчетноста на судиите и судската служба, членовите на Судскиот совет и вработените во стручната служба на Судскиот совет базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет. Спроведување на надлежностите на Судскиот совет на законски, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефикасен начин. Поддршка на дигитализацијата на судството и јакнење на транспрарентноста во работењето. Подигање на јавната свест и спроведување антикорупциска едукација и мотивирање на граѓаните да пријават корупција и судир на интереси. Зајакнување на капацитетите и на посветеноста на судството за откривање и санкционирање на корупцијата, јакнење на отпорноста од корупција во судството и градење личен и професионален интегритет. Активно учество во елиминирање на факторите кои придонесуваат за создавање на лоша перциепција кај јавноста во врска со корупцијата во судството. Развивање отчетност за јавните набавки, планирањето на трошењето на парите и елминирање на услови за коруптивни активности при вработување.

Напомена дека додека се изготвува Програмата и Планот, од работата на Советот, посебно во извршување на надзорната функција констатирани се неправилности во работењето, посебно во однос на детектирање на судир на интереси кај судиите и изземањата, а најново и неправилности околу исплаќањето на трошоците така да тие активности се дел од Акциониот план. Акциониот план ги содржи сите поединечни активности кои треба да се спроведат од страна на Судскиот совет. Најчесто активностите се трајни задачи. Идејата е Акциониот план да се надоградува годишно од Комисијата така да биде една основа - Програма и Акционен план за понатамошно преземање на активностите од страна на на Судскиот совет.

Дополни дека покрај Судскиот совет, членовите на Судскиот совет и стручната служба со Акциониот план се опфатени и

претседателите на судовите, судиите и судската администрација. Со првот чекор, со усвојувањето, Судскиот совет има основа да доколку ги следи активностите кои се предвидени, да покаже едно повисоко ниво на професионализам што ќе влијае и врз перцепцијата на граѓаните во однос на корупцијата во судството, а исто така и судиите и претседателите на судовите, затоа што се определени дејствија кои неминовно доведуваат до градење на култура на интегритет на секој поединец кој постапува во цела област на судството.

Истакна дека е добро да се усвои Акциониот план за да може работата да продолжи поорганизирано, за да се покаже многу повисоки резултати во борбата против корупцијата и отчетноста на секој поединец кој постапува.

За збор се јави членот на Советот **Весна Дамева** и наведе дека желбата на Судскиот совет за преземање на мерки за сузбивање на корупцијата во судството е имплементирана во документот што е предлог за усвојување. Истакна дека верува дека ќе се усвои и останува во наредниот период истата желба да се потврди и во пракса. Укажа дека сите предуслови се создадени и на Судскиот совет останува да се преземат дејствија и на тој начин ќе се докаже дека има желба да се подобри состојбата во судството, да се смени перцепцијата на судството во очите на јавноста. Дополни дека во спротивно Судскиот совет ќе биде виновникот за нискиот степен на доверба.

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и изрази голема благодарност до Комисијата и останатите членови кои се вклучени во изготвувањето на тој битен акт. Посочи дека веќе се планираат следните чекори за промовирање и подигнување на свеста за борба против корупција во судството со тоа што следната недела ќе се одржи настан на највисоко ниво со присуство на министерот за правда, заменик министерот за правда, претседателите на судовите, Републичкото обвинителство, Комисијата за спречување на корупцијата итн.

За збор се јави членот на Советот **Тања Чачарова Илиевска** и се заблагодари на колегите кои вложиле голем труд во изработка на Програмата и Акциониот план. Посочи дека не е само добро да се усвои туку е нужно потребно, бидејќи е во прилог и на реализација на досегашната Стратегија за реформи во правосудниот систем, посебно за една од стратешките цели - одговорноста, во која што Судскиот совет е еден од клучните

чинители. Дополни дека Акциониот план ќе даде можности да се спроведе тоа што е наведено во Програмата и да се даде голем допринос во надминување на состојбата со корупцијата.

За збор се јави заменик претседателот на Советот **Селим Адеми** и наведе дека нема забелешки во врска со Програмата и Акциониот план за превенција и следење на корупција во судството 2022-2025 година, но скептичен е дека содржи тоа што е потребно за следење и борба против корупцијата. Истакна дека Судскиот совет мора да најде сила и начин, освен Програмата да делува со конкретни предлози за интервенција. Појасни дека Судскиот совет не е орган што следи, но вината оди на сметка на правосудниот систем, а кога се зборува за судството, прв на ум доаѓа Судскиот совет. Посочи дека кога се знае дека довербата е 8%, за да перцепцијата се смени, Судскиот совет мора да организира нешто конкретно, состанок или конференција, каде со конкретни чекори ќе се формира група што ќе се бори против корупцијата во задолжителна соработка со Обвинителството, со МВР, со Комисијата за спречување на корупцијата. Се согласи дека Програмата и Акциониот план се акти со кои треба да се почне, но за да се врати довербата на граѓаните мора да се интервенира конкретно. Дополни дека мора да има заедничка средба и помош од меѓународниот фактор. Потенцира дека за тотални резултати мора да има директна интервенција.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

СЕ УСВОЈУВА Предлог Програмата со акционен план за превенција и следење на корупцијата во судството 2022-2025.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 2-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 3-та точка од Дневниот ред.

## Точка 3

(Формирање на Комисија за рангирање на кандидати за избор на претседатели на судови)

Се констатира дека членот на Советот Беса Адеми е присутна на седницата.

По повод 3-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше за потребата од формирање на  Комисија за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите по објавени огласи за избор на претседатели на судови на Основен суд Берово, Основен суд Куманово, Апелационен суд Штип, Основен суд Битола и Основен суд Крушево.

Информираше дека согласно чл. 2 од Правилникот за начинот на рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд, рангирање на кандидатите за избор на судија во повисок суд го врши Комисија од тројца членови избрани по пат на ждрепка од редот на членовите на Судскиот совет со право на глас  од кои еден член  е од членовите избрани од Собранието и еден е од избраните членови  кои се припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ, а од нив по пат на ждрепка се избира претседателот на Комисијата.

Во таа насока претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор се пристапи кон ждребување. По спроведеното ждребување се констатира дека е донесена следната:

О Д Л У К А

Се формира КОМИСИЈА за проверка на навременост на пријавите и комплетноста на документите по објавени огласи за избор на претседатели на судови („Сл.весник на РСМ" бр.118/2022 од 23.05.2022 и бр.160/2022 од 15.07.2022), во состав од:

-Лорета Горгиева - претседател на Комисијата
-м-р Селим Аедми - член на Комисијата и
-Ханиф Зендели - член на Комисијата.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 3-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 4-та точка од Дневниот ред.

## Точка 4

(Донесување на одлука за престанок на функција судија поротник)

#По повод 4-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Тања Чачарова Илиевска во својство на координатор.

За збор се јави членот на Советот Тања Чачарова Илиевска и информираше дека претседателот на Апелациониот суд Скопје со допис Су-03-118/22-4 од 31.08.2022 година, заведен во Судскиот совет под број 03-1475/2 од 31.08.2022 година, достави предлог до Советот судијата-поротник Лазо Матовски од Скопје да биде разрешен од функцијата, по негово сопствено барање. Во прилог на дописот доставено е и барањето на судијата-поротник Лазо Матовски да биде разрешен од функцијата.

Информираше дека по разгледување на предлогот на претседалелот на Апелациониот суд Скопје и доставеното лично барање на судијата поротник Лазо Матовски да биде разрешен од функцијата, констатира дека се исполнети условите за разрешување на судијата-поротник, согласно чл.80 ст.1 ал.1 од Законот за судовите, поради што предложи да се донесе одлука за разрешување на Лазо Матовски од функцијата судија-поротник.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

На Лазо Матовски, избран за судија поротник на Апелационен суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-661/3 од 29.04.2022 година му престанува функцијата судија поротник, по сопствено барање.

#По повод следната потточка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Мери Радевска во својство на координатор.

За збор се јави членот на Советот Мери Радевска и информираше дека претседателот на Основниот суд Гостивар со допис Су.бр.370/22 од 31.08.2022 година, заведен во Судскиот совет под број 03-1489/1 од 31.08.2022 година, достави предлог до

Советот судијата-поротник Маја Ќипроска да биде разрешена од функцијата, поради истек на мандатот.

Информираше дека по разгледување на предлогот на претседателот на Основниот суд Гостивар и извршениот увид во Регистерот на судии поротници и Одлуката на Советот за избор на судии поротници во Основниот суд Гостивар бр.02-1180/2 од 30.08.2018 година, констатира дека на Маја Ќипроска, судија поротник во Основниот суд Гостивар мандатот и истекува на 31.08.2022, во смисла на чл. 49 од Законот за судовите. Предложи да се констатира престанок на мандатот на наведениот судија поротник.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесена е следната:

О Д Л У К А

На Маја Ќипроска, избрана за судија поротник на Основен суд Гостивар со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија бр.02-1180/2 од 30.08.2018 година и престанува функцијата судија поротник, поради истек на мандатот на 31.08.2022 година.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 4-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 5-та точка од Дневниот ред.

**Точка 5**

(Донесување на одлука за престанок на судиската функција)

По повод 5-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска информираше дека Татјана Клинчарска судија на Основен граѓански суд поднесе барање за престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, односно навршени 62 години старост согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Информираше дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет е утврдено дека судијата ги исполнува условите за старосна пензија и предложи да се утврди престанок на судиската функција.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако никој не се јави за збор констатира дека предлогот е усвоен и донесено е следното:

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на на судиската функција на Татјана Клинчарска, судија на Основен граѓански суд Скопје, поради исполнување на услови за старосна пензија.

Решението влегува во сила од 07.09.2022 година.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 5-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 6-та точка од Дневниот ред.

**Точка 6**

(Расправа по Извештај за констатирана состојба на Комисија на известители по поднесено барање за поведување на постапка за одговорност на судија/претседател на суд)

Врз основа на чл. 39 ст. 2 од Законот за Судски совет претседателот на Советот Павлина Црвенковска предложи за 6-та точка од дневниот ред јавноста да се исклучи од седницата.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа и откако констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно, со 8 гласа „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесена следната:

О Д Л У К А

Судскиот совет заради заштита на угледот и интегритетот на судијата или кандидатот за судија со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот со право на глас ја исклучи јавноста од седницата за 6-та точка на дневниот ред.

Се констатира дека претставникот од Институт за човекови права ја напушти седницата.

Се констатира дека претставникот од Коалиција сите за правично судење ја напушти седницата.

Се констатира дека членот на Советот Беса Адеми ја напушти седницата.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека е исцрпена 6-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на постапување и одлучување по 7-та точка од Дневниот ред.

**Точка 7**
(Разно)

Се констатира дека членот на Советот Беса Адеми повторно е присутна на седницата.

По повод 7-та точка од дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска збор му даде на членот на Советот Миљазим Мустафа во својство на известител.

За збор се јави членот на Советот **Миљазим Мустафа** и наведе дека во рамките на проектот Матра се одржа втора работилница со два пилот суда што се избрани, Основен суд Охрид и Апелационен суд Битола. Истакна дека во рамките на конкретната точката од проектот е стремежот да се добијат поквалитетни извештаи од страна на судовите, судовите полесно да ги изготвуваат истите, а исто така Судскиот совет да ги искаже своите потреби за да се добијат поквалитетни информации од судовите при евалуација, следење и изготвување на Годишниот извештај. Посочи дека од таа причина се избрани како пилот судови, Основен суд Охрид и Апелационен суд Битола и кон крајот на годината, најкасно година што следи ќе се излезе со заклучок по однос на тоа дали ќе се продолжи со истиот начин на известување и за останатите судови или не. Додаде дека првиот состанок е одржан во хотел Арка, а вториот ќе се одржи во Охрид, при што ќе се изврши посета и во Основен суд Охрид и Апелационен суд Битола каде што на лице место ќе се дискутира со претседателот на судот, судскиот администратор и ИТ кадарот. Укажа дека е добро да присуствуваат поголем број на членови од Судскиот совет и предложи да бидат присутни дел од вработените во стручната служба на Судскиот совет и тоа Генералниот секретар, лицето задолжено за судска статистика, колегите кои претходно учествувале и се во тек со проектот и др.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор.

Од тие причини Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 415-та седница на Советот и дека истата е завршена во 11:15 часот.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Павлина Црвенковска

**Изработил:** Ален Раденковиќ
**Одобрил**: Весна Толева